Врз основа на член 21 и 24 од Статутот на Акционерското друштво, а во врска со членовите 385 и 387 од Законот за трговските друштва Управниот одбор на Ветекс АД Велес објавува

# П О В И К

до акционерите за учество на Годишно собрание на Ветекс АД Велес
Собранието ќе се одржи на 31.05.2022 година(вторник) со почеток во 7 часот во просториите во седиштето на друштвото на ул.Вардарска број 50 во Велес.
За Годишното Собрание на акционерите на друштвото се предлага следниот

## Д н е в е н  р е д

I Процедурален дел

1.Отворање на Собранието.
2.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери.
3.Избор на Претседавач на Собранието.
4.Избор на Бројач на гласови.
5.Усвојување на дневен ред.

II Работен дел

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за економско и финансиската ревизија на друштвото за деловната 2021 година изготвен од страна на ревизорската куќа Стојчевски Ревизија.
2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка за деловната 2021 година,Годишниот извештај за работењето во 2021 година и Одлука за распоредување на остварената добивка за 2021 година,Одлука за исплата на дивиденда.
3. Разгледување и усвојување на Консолидирана годишна сметка за 2021 година,ревидирана од овластен ревизор.
4. Одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор.
5. Одобрување на работата на членовите на Управниот одбор.
6. Назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на друштвото за 2022 година.
7. Одлука за назначување на член на Надзорен Одбор.

Вкупниот број на акции во Ветекс АД Велес изнесува 30.048 обични акции.Вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик се 30.048.

Согласно чл.383 став 3 од ЗТД записникот ќе го води нотар.
Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество наСобранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.
Пријавите да се достават до Ветекс АД Велес ул.Вардарска број 50.
Секој акционер може да овласти,со полномошно свој полномошник на Собранието,со давање на полномошно во писмена форма.
Акционерот треба во писмена форма веднаш да го извести друштвото за секое дадено полномошно.Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.
Полномошникот може да гласа по сопствена определба но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното,освен во случај ако полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање
Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневениот ред, согласно Статутот на друштвото и ЗТД.Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин определен со Статутот и ЗТД.
Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото,со приложено образложение за предложената точка,како и да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред,а сето тоа во рок од 8(осум) дена од денот на објавување на овој повик.
Акционерите можат да поставуваат прашања до друштвото за точките од дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавувањето.
Материјалите за закажаното Собрание може да се разгледуваат во седиштето на друштвото секој работен ден од денот на објавувањето на повикот од 14,00 до 15,00 часот.

Управен одбор
на Ветекс АД